# ВОВЕД

Глобализацијата на финансиските пазари е тесно поврзана со феноменот на глобализација на националните економии.

Со процесот на глобализација во светот, особено во развиените земји се промовираше ерата на т.н. фондоманија. Главниот “виновник” за фондоманијата е искуството и практиката на САД.

Проучувајќи ги финансиските институции на меѓународно ниво, се забележува дека можат да се сретнат неколку термини, што се употребуваат во практиката, а имаат обележје на инвестициски фондови, а тоа дополнително го отежнува глобалното истражување и споредба на тие институции. Но, најзначајни облици, што се среќаваат во повеќето земји во коишто тие институции се јавиле на пазарите, се затворените и отворените типови инвестициски фондови. Затоа, во овој труд, ќе се анализираат инвестициските фондови, токму според оваа класификација, бидејќи тие се најзастапени.

Инвестициските фондови се финансиски институции, што имаат особено важна улога на пазарите на капитал во многу земји, а во дел од нив тие дури станаа главни актери, што влијаат врз низа настани на финансиските пазари, но и надвор од нив.

Ваквиот тип институции, најшироко се организирани во развиените земји, а најмногу во САД, и тоа не само во смисла на вкупниот капитал со којшто управуваат, туку и во смисла на многу богатата палета разновидни фондови, големи и разгранети мрежи на дистрибуциски канали, по чиј пат се пласираат уделите, се формулира законската регулатива, т.е. надзорните тела и организации, што ја следат нивната работа. И во Европа е развиен пазарот на капитал и пазарот на инвестициските фондови, и тоа најмногу во земјите-членки на Европската унија, коишто настојуваат да ја хармонизираат законската регулатива во одделните земји на тоа подрачје. Токму затоа се развиени т.н УКТИС (UCTIS)[1] фондови, односно отворените инвестициски фондови наменети за јавноста, а според дефиницијата што ЕУ ја прифатила, целта е да се постигне усогласување на различните имиња и дефиниции во различните земји-членки.

---

[1] UCITS – Undertakings for Collective Investment in Transferable Securities

Во транзициските економии инвестициските фондови се наоѓаат во иницијален развој, а таквиот развој е последица на процесот на приватизација. Република Македонија се уште е во фаза на зачетоци на работење со овој вид фондови.

Во светски рамки, пак инвестициските фондови за приватните инвеститори достигнуваат вредност од 12 трилиони евра. Имено, на големите пазари потенцијалните инвеститори можат да избираат меѓу илјадниците различни видови инвестициски фондови. Основниот водич низ таа т.н. "џунгла од фондови" категоризира различни типови достапни фондови. Инвестициските фондови се вид институционален инвеститор, што овозможува вложување по пат на хартии од вредност. Тие се атрактивни, главно, поради можноста за постигнување зголемен профит, со што тие сериозно им конкурираат на институциите од банкарскиот сектор. Инвестицискиот фонд претставува одделна институција што функционира со помош на најновите достигнувања во развојот на финансиската технологија, а се поткрепени со цврста законска рамка и одлични деловни обичаи.

Целта на постоењето на инвестициските фондови е повеќекратна, и тоа:

- поголема заработувачка, со помал ризик;
- во зависност од типот на вложувањата на приватните инвеститори, се постигнува приватна заштеда, односно посигурен и високоприносен начин за заштеда на сопствените средствата;
- инвестициските можности се многубројни, посебно за хартиите од вредност;
- трошоците за управување се релативно мали;
- постои едноставност во вложувањето.

Инвестирањето во инвестициските фондови се темели на следниве принципи:

- диверзификација на влогот;
- ликвидност;
- професионално управување; и
- доверба.